( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12 -07- 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizat. | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | -1913/1 | | |


**До:**
**Државна Комисија за спречување на корупцијата**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:
[redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер
**Го замолувам горенаведениот наслов да ми достави копија од барањето или пријавата врз основа на кое е започнат предметот за мене од ваша страна со ваш архивски бр.09-1710/2 од 27.06.2024 – "Барање за доставување на податоци и информации"**
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
-**( г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
-**( г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Гостивар 11.07.2024 година .** ______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./ Nr. 03-1913/3
16-07-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 и 2 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1913/1 од 12.07.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1913/1 од 12.07.2024 година, доставено од доставено од [redacted] доставено до ДКСК, **СЕ ОДБИВА.**

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер (во електронска форма) со кое побара: ***„Го замолувам горенаведениот наслов да ми достави копија од барањето или пријавата врз основа на кое е започнат предметот за мене од ваша страна со ваш архивски бр. 09-1710/2 од 27.06.2024 – „Барање за доставување на податоци и информации"***

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето се констатираше следното: До ДКСК е доставена пријава од познат подносител и по истата е оформен предмет бр. 09-1710/1 од 2024 година.

По предметот во насока на утврдување на фактичка состојба доставени се барања за прибирање на информации, постапката по предметот е се уште во тек и од страна на ДКСК не е донесена Одлука. По завршување на постапката ДКСК ќе донесе одлука и истата ќе се објави на веб страницата на ДКСК во деперсонализирана форма.

По разгледување на предметното барање за пристап до информации од јавен карактер, при тоа имајќи ги во предвид одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК констатира:

Пријавата како предмет на барањето за пристап до информации од јавен карактер не потпаѓаа под ниеден од исклучоците од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер но споделувањето на истата е во спротивност со членот 7 став 1 од ЗСКС. Доколку се открие ваквиот документ или на било кој друг начин се направи достапен за јавноста, истото претставува повреда на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно член 7 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

Согласно член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер имателот на информацијата може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став 1 од овој закон, имајќи го во предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

Со оглед на наведеното и содржината на барањето, ДКСК спроведе тест за штетност и се направи проценка на документот бр. 09-1710/1 од 2024 година.

Горенаведениот документ, предмет на барањето за пристап до информации од јавен карактер не потпаѓаа под ниеден од исклучоците согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер но споделување на истиот е во спротивност со членот 7 став 1 од ЗСКСИ. Законските одредби од членот 6 на ЗСПИЈК не одговараат на утврдениот заштитен интерес но врз истиот одговараат законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

По разгледување на резултатите од спроведениот тест за штетност, односно по разгледување на последиците врз интересот кој се заштитува во однос на јавниот интерес кој би се постигнал со доставување на бараниот документ, ДКСК смета дека

доколку бараниот документ се достави до барателот, штетните последици врз интересот кој се заштитува се поголеми во однос на јавниот интерес.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Претседател
Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот